**УДК 392.51-055.2(549.1)**

**Атифа Дурани[1] и Рана Насир Али Кан[2] (Пакистан)**

# УЛОГАТА НА ЖЕНИТЕ ВО СВАДБАТА ЕТНОГРАФИЈА НА ЖЕНСКАТА ОБРЕДНОСТ ВО ЗАЕДНИЦАТА РАЈПУТ ВО ПЕНЏАБ, ПАКИСТАН

*Айсѿракѿ*: Кај заедницата Рајпут свадбените церемонии се состојат од процедури и настани што се спроведуваат преку обредите. Овие обреди содржат симболички значења и симболички репрезентации за луѓето што ги практикуваат и поддржуваат. Овој текст етнографски ја претставува свадбената церемонија заедно со обредите што се практикуваат во заедницата Рајпут од еден мал град во централен Пенџаб (Пакистан). Истражувањето претставува квалитативна студија каде што како главни алатки за собирање податоци се искористени набљудувањето со учество и длабинското интервју. Истражувањето открива дека одредени обреди што се изведуваат за време на свадбата имаат две главни функции. Покрај забавата и празнувањето, овие обреди ги продуцираат, репродуцираат и ги засилуваат стереотипните улоги на жените во рамките на заедницата. Истовремено овие обреди им помагаат на младенците во процесот на трансформација на нивните статуси преку претставување на нивните нови улоги и очекувања како сопруг и сопруга.

*Клучни зборови*: свадба, обреди, жени, улоги, Пакистан.

Во животот на човекот е неопходна транзицијата од една во друга животна фаза. Постојат одредени обреди што му помагаат на поединецот во промената на неговиот општествен статус. Свадбата е еден од тие обреди што генерално се смета како клучна точка во животот на жената. Свадбата носи многу очекувања и одговорности за жената како сопруга и најчесто комплетно го менува нејзиниот живот. Нејзината улога како сопруга е многу поинаква од улогата на ќерка. За да ја достигне улогата на сопруга, таа поминува низ многу претсвадбени обреди што ѝ помагаат да се едуцира себеси за новата улога. Виктор Тарнер дефинирајќи го обредот вели дека „преку обредите луѓето се предизвикани да го посакуваат она што мора да го направат. Во таа смисла, обредните активности се слични на сублимациските процеси... Симболичкото однесување всушност создава едно општество за прагматични цели“ (Turner 1974: 56). Според тоа, обредите не се само активности или празнувања на општествените настани туку тие со себе носат општествени и повеќеслојни симболички значења (Turner 1967) за луѓето што ги практикуваат и почитуваат. Поедноставно кажано, тоа значи дека преку учеството во обредите луѓето ја потврдуваат автентичноста на обредот и

[1] Атифа Дурани е доцент на Одделот за родови и женски студии на Универзитетот „Алама Икбал“ (Allama Iqbal Open University), Исламабад, Пакистан, atifadurrai@gmail.com.

[2] Рана Насир Али Кан работи во пакистанската Комисија за планирање, Исламабад, Пакистан, Raajkhan21@hotmail.com

постојниот ред во општеството. Уште повеќе, овие значења мора да се разгледуваат преку „домородните интерпретации“ (Turner 1967: 50) на луѓето што ги практикуваат.

Во ова истражување свадбените обреди и нивните симболички интерпретации најчесто се изведуваат од жени така што родовите идеологии карактеристични за заедницата се пренесуваат од генерација на генерација со помош на обредите. Постојниот машки општествен ред се зема како стандардна норма што се засилува, се репродуцира и се одржува во рамките на заедницата со помош на обредите. Интересно е да се напомене дека жените ги спроведуваат обредите што всушност ги поддржуваат стереотипните улоги и на тој начин ги одржуваат и пренесуваат нив во следната генерација. За свадбените денови се изведуваат одредени обреди што го рефлектираат општествениот статус на жената во заедницата.

За време на свадбата за луѓето е важно во брак да стапат двајца поединци според предодредените норми и вредности на заедницата со цел да се обезбеди функционирањето на заедницата. Тарнер (Turner 1969, 1995) смета дека обредите се општествени процеси преку кои членовите на заедницата се сведоци на статусниот премин на поединецот. Луѓето што се сведоци на овие процеси го поддржуваат поединецот преку дефинирање и поддржување на соодветните и несоодветните однесувања за поединецот. Обредите се втемелени во идеолошките традиции, и според тоа може да се третираат како несоодветни за промена (Oswald 2000; Oswald, Suter 2004). Бидејќи обредите се вградени во институционалната и општествената мрежа на норми во однос на женските и машките семејни улоги, луѓето што ги практикуваат не дозволуваат тие да се променат и така ги одржуваат во рамките на заедницата. Колтрен смета дека „со оглед на тоа што општеството има неколку надворешни механизми за регулирање на родот, семејните обреди и другите семејни практики стануваат клучни носители на значењето за родот“ (Coltrane 1998: 19). Сличните норми и вредности што се однесуваат на поголемите заедници, а кои Диркем ги именува како колективна свест, го овозможуваат заедништвото од морален аспект (Durkheim 1893 [1997]). Во случајот со свадбените обреди, семејството и пријателите ги засилуваат општествените норми и улоги поврзани со улогата на младенците.

## Методи на истражување

Ова истражување е квалитативно, така што поголем дел од податоците се собрани за време на свадбените церемонии и врз основа на моето присуство на неколку свадби во регионот. Спроведував и длабински интервјуа за интерпретациите на локалното население за свадбените обреди. Водичот за интервјуирање се состоеше од две главни теми, и понатаму секоја тема беше поделена на помали и поедноставни прашања. Првата тема се однесува на начинот на кој се изведуваат обредите, додека втората тема го истражува културното милје помеѓу обредите и интерпретациите за нив од страна на жените што ги практикуваат.

Истражувањето е спроведено во градот Вахндо (Wahndo) во областа Гујранвала (Gujranwala), Пенџаб, каде што живее заедницата Рајпут. Интервјуирани се жените што учествуваа во обредите и што истовремено сакаа да учествуваат во истражувачкиот процес и имаа познавања за релевантноста и важноста на обредите за време на свадбата. Направив вкупно 10 интервјуа. Сите беа на јазикот урду, додека некои од же-

ните одговараа на нивниот локален јазик, харјанви (Haryanvi) или мохаџири (Mohajiri) – како што го нарекуваат локалните жени. Овој јазик е лингвистичка смеса од јазиците пенџаби (Punjabi), хинди (Hindi) и урду (Urdu). Транскрипцијата и преводот на песните ги правев со помош на локалните жени. Неформалните разговори ми овозможија да стигнам до некои различни и измешани гледишта. Овие гледишта ми помогнаа во проверувањето на податоците добиени од учесниците во истражувањето.

## Свадбени обреди кај заедницата Рајпут

Кај заедницата Рајпут свадбените церемонии и оние за раѓање (машко) дете се сметаат за физички најактивни, драматични и симболични настани што ги претставуваат општествените и религиските карактеристики на културата. Свадбените обреди се структурирани настани и се родово определени. Иако најмногу се практикуваат од жените, овие обреди ги зајакнуваат родовите стереотипни улоги во рамките на заедницата. Дополнително, овие обреди ја рефлектираат и идеологијата за местото на жената во заедницата (Mason 1975). Свадбените обреди се случуваат во текот на повеќе денови, што ги прави нив претерано комплексни и грандиозни (Egler 1960). Сепак, поради повеќе причини, овие обреди денеска не се толку комплексни како во минатото.

Свадбата во заедницата Рајпут обично трае три дена, кои имаат специјални имиња: Бутна/Хелди (Butna/Heldi), Хена (Henna) и Барат (Barat). Луѓето знаат кои обреди се случуваат во овие посебни денови. Обредите Бутна и Хена водат кон најзначајниот свадбен ден – Барат. Преку обредите може да се разбере организацијата на машкоста и женскоста во некоја конкретна заедница. Исто така тие укажуваат на начинот на кој доминантните идеологии не се само зајакнати, поддржани итн., туку истовремено тие се проблематизирани и преиспитувани. Најчесто тие се придружувани од симболи како што е бојата на облеката, некој предмет, стих од песна со културно препознаено значење. Овие симболи заедно со културно санкционираните значења се пренесуваат од една на друга генерација преку песните и обредите. Симболичките значења се важни за двојката што треба да стапи во брак, како и за луѓето што присуствуваат на свадбената церемонија. Секој обред се грижи за општествената хиерархија и за односот помеѓу двете страни – семејството на невестата и на младоженецот. Статусите на различните односи се содржат во општествената хиерархија и се признаени од луѓето што учествуваат во обредите и што веруваат во идеологиите според кои се изведуваат обредите. Семејството на младоженецот има повисок статус од семејството на невестата, така што обредите се изведуваат според оваа општествена хиерархија.

Кај заедницата Рајпут свадбата може да почне во кој било ден од седмицата. Свадбата започнува на датумот што е определен од страна на „старците“ од семејствата на младенците. По изведувањето на обредот или на серијата обреди карактеристични за секој ден, свадбата завршува со носењето на невестата во домот на младоженецот. Свадбите обично траеле повеќе денови во минатото, но сега нештата се променети. Може да постојат повеќе причини за оваа промена, но поради економските и временските ограничувања свадбените денови денеска се редуци-

рани. Сепак оние луѓе што можат економски да си дозволат и што немаат временски ограничувања ги спроведуваат опишаните свадбени церемонии.

Постојат четири главни обреди што се случуваат за време на свадбените денови. Обредите Бутна/Хелди и Хена се случуваат во посебни денови. На денот Барат се случуваат истовремено неколку активности. Обредите Бутна/Хелди и Хена се изведуваат одвоено и во домот на невестата и во домот на младоженецот. Подготовките за Барат се случуваат исто така и кај двете семејства и вклучуваат различни обреди. Семејството на невестата ја подготвува девојката за заминувањето во новиот дом, а семејството на младоженецот се подготвува за пристигнувањето на семејството на невестата.

Дуа-е-каир (Dua-e-Khair) (претсвадбени настани)
Бутна/Хелди (Butna/Heldi)
Хена (Henna)
Свадбен ден (Barat)
- Подготовка за Барат
- Пристигнување на Барат
- Видаи (Vidai)

Ден по свадбата

## 1. Дуа-е-каир (DUA-E-KHAIR) (претсвадбени настани)

Откако ќе најдат соодветно момче за девојката, се случува церемонијата на прифаќање на предлогот. Церемонијата се нарекува дуа-е-каир. Во минатото во овој процес се вклучувала жената на берберот, која имала многу активна улога во пронаоѓањето соодветен партнер/партнерка. Во минатото било вообичаено возрасните од куќата на момчето да договорат брак за синот дури и без да ја посетат куќата на девојката. Сепак времињата се промениле така што жените од семејството посетуваат различни семејства за оваа цел. Кога постои договор или согласност помеѓу двете семејства, се изведува еден мал обред во домот на девојката, кој вклучува размена на слатки. Во оваа прилика се определува датумот на свадбата и се дава молитва за среќа на младенците. Оваа церемонија утврдува одредени очекувања што ги дефинираат улогите на момчето и девојката што треба да почнат нов живот како сопруг и сопруга. На овој настан семејството на девојката организира ручек. Од страна на семејството на момчето се презема една симболичка активност со цел да се подготви девојката за нејзината идна улога во нејзиниот нов дом. На пример, семејството на момчето и особено идниот свекор (ако тој не е присутен, тогаш може вујкото на момчето) дава пари (соодветно на неговиот економски статус) на девојката како обележје на договорот и почитта на невестата. Парите што ѝ ги дава свекорот го симболизираат нејзиниот статус како важен дел од семејството, односно статусот на сопруга. Ова исто така ја означува доминантната позиција на двајцата мажи (свекорот и нејзиниот сопруг) во нејзиниот живот. Промената на статусот на девојката симболизира многу промени низ кои таа треба да помине во смисла на дом, општествена околина, возраст и одговорности. На суптилен начин таа се подучува дека мора да го прифати авторитетот на мажите во нејзиниот нов дом како и во стариот дом, кои се задолжени за нејзините економски и општествени одговорности, на пример за трошоците околу невестата

и за општествената позиција како нечија ќерка, сестра, сопруга или мајка итн., за нејзиниот клан или етничка заедница, бидејќи таа ќе биде почитувана доколку има соодветно потекло или соодветна припадност во оваа смисла.

Обично момчето и девојката не се присутни за време на овој настан, и сето ова се случува во нивно отсуство. Сепак, тие знаат што се случува на средбата. Се очекува девојката да не се појавува пред нејзините свекор и свекрва како знак на почит. Не се изведуваат никакви песни во оваа прилика иако е празнична активност. Се служи вечера или чај на крајот од церемонијата.

## 2. Бутна/Хелди

Свадбениот обреден циклус започнува со обредот Бутна, кој е дел од серијата на трансформативни фази низ кои поминуваат младенците. Сепак Бутна и обредот Хена, кој следи, се особено важни за невестата. Најважната функција на овие два обреди е прочистување и изолација на невестата што најпосле води до трансформација од една фаза во друга (од статусот немажена во статусот омажена). Покрај овие две функции, скриената цел е да се обучи жената како да биде послушна и потчинета. И двата обреди ја потенцираат пасивната и потчинетата улога на жената во нејзиниот брачен живот, што пак ја потенцира нејзината традиционална улога на сопруга и мајка.

Церемонијата Бутна се случува два дена пред свадбата. Во минатото овој настан се случувал повеќе денови пред свадбениот ден. Сепак, поради временските ограничувања и економските обврски, овој настан се случува во само еден или два дена. Обредот Бутна/Хелди се изведува одделно и во домот на невестата и во домот на младоженецот во ист ден, на датум одреден од „старците" во семејствата.

За обредот се канат жените роднини и пријатели. Оваа церемонија е ексклузивно женска, и се очекува од жените како општествена група да дојдат и да се придружат на „женската заедница" за да покажат поддршка за невестата што поминува во нова фаза од животот.

Обредот Бутна има две функции. Како што споменав претходно, овој обред ја зголемува изолацијата на девојката и истовремено се однесува на симболичкото прочистување на нејзиното тело преку нанесување смеса што се нарекува убтан (ubtan) или бутна (butna). Преку изолацијата девојката станува невидлива во нејзиниот дом, што ѝ помага во трансформацијата од девојка во жена и сопруга. На одреден начин, таа станува невидлива во сопствениот дом. Во оваа „лиминална состојба" на невестата не ѝ е дозволено да се бања и да работи во домот. Ван Генеп (Van Gennep 1960) оваа состојба ја нарекува прва фаза во обредите на премин или фаза на сепарација. Оваа состојба „содржи симболичко однесување што означува одвојување на поединецот или на групата или од некоја фиксирана точка во општествената структура или од некој збир на културни услови" (Turner 1969: 94). Се очекува дека изолацијата ќе го промени однесувањето на невестата. Нејзината нова улога на идна сопруга наметнува одредени очекувања од неа. Хочсчилд (Hochschild 1983) вели дека секоја општествена улога, како што е улогата на невеста, со себе носи очекувања во однос на манифестирањето соодветни емоции. Од невестата се очекува да не се среќава со посетителите на нејзиниот дом. Единствено е дозволено да ја видат само некои пријателки или роднини. Овие пријателки истовремено се грижат за

неа и за нејзината исхрана до свадбениот ден. Како што се приближуваат свадбените денови, нејзината мобилност во домот е сè повеќе ограничена и контролирана од страна на возрасните. Целта е таа да се обучи за новиот живот во контролирана средина со афиналните сродници. Обредот ја тера да сфати дека движењето во домот е ограничено бидејќи таа не е повеќе слободна девојка. Сега таа треба да стане нечија сопруга и член во друго семејство. Така таа учи да ги почитува и да ги исполнува нормите на семејството.

Од неа се очекува да не се среќава со нејзините машки сродници (браќа, татко, братучеди итн.) и да се обидува да ги избегнува колку што може повеќе. Ова очекување од неа се должи на почитта или шарам (sharam) за нејзините машки сродници бидејќи треба да има интимни односи со маж. Сексуалните активности се третираат како нешто срамно дури и тогаш кога се легитимирани од старците/возрасните. Така, бидејќи невестата треба да има интимни односи, таа од почит треба да ги избегнува нејзините машки сродници.

Прочистувањето на нејзиното тело преку триење на смесата ја подготвува неа за физичката интимност со сопругот. Песните и обредите ѝ помагаат да ја научи и да ја прифати нејзината нова улога.

За време на церемонијата таа треба да направи сè што ќе се побара од неа, и овој обред ја обучува како да им се потчини на другите. Таа им го дава своето тело на другите жени, кои ѝ ја нанесуваат смесата на телото и маслото на косата. За време на церемонијата Бутна се нанесува смеса подготвена од куркума и масло од сенф на целото тело од страна на нејзините пријателки и роднини. Ова се прави за да се разубави девојката за свадбениот ден. Смесата бутна од куркума и масло од сусам со други мириси треба да му донесе сјај на телото на невестата, особено на нејзиното лице што треба да изгледа чисто, привлечно и сјајно. Смесата бутна се прави во голем сад во форма на торта, на која се палат свеќи и која се декорира со рози заедно со други сјајни украси. За време на церемонијата Бутна, жените меѓу себе си кажуваат мрсни вицеви додека ја нанесуваат смесата на телото и лицето од невестата. Овие вицеви содржат одредени пораки за брачниот живот на невестата.

За време на оваа церемонија невестата треба да биде мирна, тивка и да направи сè што ќе ѝ кажат постарите жени. Секоја од жените што нанесува од смесата бутна на лицето и рацете на невестата заедно со маслото на нејзината коса истовремено ѝ става слатки во форма на топка во устата (laddu).

Во минатото, девојката седела на малечка дрвена клупа без потпирачи за рацете (choki), а денеска таа седи на украсен стол во центарот на собата со роднините и пријателките и останува во нејзината соба или на местото што ѝ е доделено во татковиот дом. Таа треба да биде тивка и срамежлива. Невестата го крие лицето со дупата (dupatta)[3]. Ја советуваат да не го покажува лицето никому за да биде уште поубава на свадбениот ден. Не ја присилуваат да носи одреден тип на облека, но ја советуваат да не облекува нова облека за оваа прилика. Таа не треба да изгледа среќно (дури и ако се чувствува среќна) за време на овој обред. Овој обред ја тера невестата да остане дома во нејзината стара облека неколку дена пред свадбата.

Во домот на младоженецот се поканети неговите женски сродници и сосетки. Сепак оваа церемонија е краткотрајна и помалку празнична кога ќе се спореди со

[3] Долг шал со кој се покрива лицето и паѓа и на рамената.

онаа во домот на невестата. Младоженецот носи цветен венец околу вратот и украсена црвена дупата на рамената како добар знак за брачниот живот. Црвената дупата и цветниот венец го прават забележлив младоженецот меѓу другите мажи од семејството. Младоженецот седи на украсен стол (тој никогаш не седи на подот, што го означува неговиот статус), а женските сродници (сестри, тетки) нанесуваат мала количина од смесата бутна на неговата дланка што претставува повеќе симболичен чин. Не се нанесува од смесата на неговото тело. Жените нанесуваат мирисливо масло на неговата коса и понекогаш креон на неговите очи. Неговата мајка и другите женски сродници му даваат да јаде слатки. Неговите сестри и братучетки бараат пари откако ќе му дадат слатки. Обично тој со задоволство им дава пари по преговарањето околу сумата.

Младоженецот и неговата мајка исто така добиваат пари од роднините како обележје на љубовта и традицијата. Парите истовремено се даваат како размена бидејќи мајката на младоженецот плаќала на истиот начин на други свадбени церемонии кај сродниците. Сестрите на младоженецот со другите женски сродници му пеат песни (најмногу песни сехра (sehra)) за време на церемонијата. По завршувањето на церемонијата се служи вечера или чај. Се служи гур (gurr)[4] и баташе (batashe)[5] во големи количини за роднините и гостите и исто така им се праќа храна на соседите и сродниците како гест на добра волја од семејството на младоженецот. Членовите на семејството исто така добиваат колачи. По завршувањето на церемонијата, машките сродници на младоженецот, особено неговите пријатели кажуваат вицеви, го задеваат младоженецот и танцуваат. Сепак ова не е многу вообичаено и зависи од семејство до семејство. За време на обредот Бутна низа од злато (gaana) се врзува на рацете на младоженецот и невестата во реципрочна размена. Освен тоа, низата се смета за знак на заштита и чувар од лоши очи.

За разлика од невестата, од младоженецот не се очекува да стане невидлив во сопствениот дом. Обично тој помага во подготовките околу свадбата или го поминува времето во други рутински активности. Сепак не му е дозволено многу да се оддалечува од домот и пожелно е да го поминува времето дома со неговите машки сродници.

## 3. Хена

Обредот Хена, исто како и обредот Бутна, е поврзан со разубавувањето на невестата во периодот на нејзината изолација. Невестата не само што е изолирана од луѓето во нејзиниот дом туку исто така треба да биде заштитена од лоши очи. Се верува дека црвените дамки на нејзината кожа, како и оригиналната зелена боја од лисјата хена и пудрата ги заштитуваат младенците од опасноста на лошите очи. Хената ја менува својата боја (или идентитетот) од зелена (пудра) во црвена (влажна хена) и на овој начин превенира невестата да биде препознаена од лошите очи. Црвената боја на хената откако ќе се измие со вода на кожата на невестата ја симболизира бојата на среќниот брачен живот. Ова се третира како опасен период кога невестата и младоженецот се подложни на физички и ментални повреди. Вообичаено луѓето веруваат дека, ако младенците останат сами, некој лош дух може да им наштети. Така,

[4] Меласа.

[5] Сув шеќер во форма на колачи вообичаени за празнични прилики, особено за свадба.

идната невеста не смее да биде оставена сама, и обично некоја од нејзините пријателки или сестрите ја придружуваат невестата особено навечер. Невестата носи секојдневна облека за да не можат да ја забележат лошите очи и така да ѝ наштетат.

Хената се нанесува на нејзините раце и стапала за да се скрие или да се смени нејзиниот идентитет. Хената ја менува бојата, односно состојбата, од зелена (сува пудра) во црвена (влажна смеса). Слично на ова, покривањето на невестата исто така служи во процесот на нејзината невидливост, според Тарнер, една од лиминалните карактеристики за луѓето што поминуваат низ обредите на премин. Иако невестата е физички видлива, таа всушност е „невидлива“ во однос на нејзиниот статус. Таа го губи претходниот статус и е изложена на нејзините симболични експресии на изглед и однесување. За време на свадбените обреди, поранешниот статус на немажена девојка се брише (умира). Во лиминалната фаза, како што е дефинирана од Тарнер (Turner 1969), таа го губи претходниот статус, а сè уште не го достигнала ниту новиот статус. Таа е личност што поминува низ обредите во една конфузна состојба и мора интензивно да ги учи соодветните правила и однесувања од авторитетните луѓе. Церемонијата Хена е повторно поинтензивна за невестата отколку за младоженецот. За невестата ова претставува поважен обред на премин и поинтензивно емоционално искуство. Преку овој процес таа од девојка преминува во сопруга и се подготвува да го напушти татковиот дом и да замине кај сопругот. Нејзиното оддепување од домот, сродниците и околината е дел од постепениот процес во кој таа се подготвува за новиот дом, новите сродници и новата околина (Upadhyaya 1957).

Во претсвадбените обреди во различни делови од Азија куркумата и хената се употребувани за да ги оттргнат лошите духови (Hutchings 2002). Хената (или кана) е мирисно дрво (грмушка) што потекнува од Индија и оттаму се проширило во земјите на Азија и Северна Африка. Денеска трендот е променет, и девојките користат друг вид на хена што е поводенеста и има различен хемиски состав за разлика од стариот рецепт за хена. Преку употребата на оваа смеса се прават деликатни дизајни на дланката од невестата.

Обредот Хена обично почнува навечер и се празнува до доцна во ноќта. Обредот Хена се изведува одделно и кај невестата и кај младоженецот заедно со обредот Бутна во истите свадбени денови. Смесата хена се подготвува во големи садови, и често садовите се украсуваат со цветови, со гота (gota) – златни или сребрени тантели и со свеќи. Палењето на свеќите за време на церемонијата Хена исто така ја симболизира светлината во животот на невестата. Почнува обредот Хена; постарите и омажените жени ставаат од каната на дланките на невестата покриени со црвен вел (dupatta). Невестата треба да се облече во зелена облека. Доколку нема зелена облека, може да стави барем зелена дупата за време на обредот. Зелената облека ја претставува плодноста и исто така ја претставува мајката природа. Нејзината зелена облека или зелена дупата е купена од нејзината мајка.

На почетокот на церемонијата невестата седнува на украсен стол, а понекогаш на килимче на подот. Постарите жени се собираат околу неа и почнуваат со нанесувањето на каната на дланката над бетелов лист, кој се поставува на дланката пред да се нанесе каната. Потоа омажените жени една по една доаѓаат и ставаат од каната на дланката од невестата. Овие омажени жени ја симболизираат важноста на бракот и го потенцираат повисокиот статус на омажената жена за разлика од немажената девојка.

По нанесувањето кана на дланката на невестата, нејзе ѝ даваат слатки како добар знак на среќен брачен живот. Жените доаѓаат една по една и нанесуваат кана на дланката на невестата, на тој начин истовремено рефлектирајќи ја и поддржувајќи ја општествената хиерархија. Оваа општествена хиерархија кај жените се зачувува преку изведувањето на обредите. Рацете и стапалата на невестата се декорирани со сложени шеми направени со кана. Присутните жени и девојки исто така ги украсуваат своите дланки со кана. Украсувањето со кана продолжува сè до раните утрински часови така што каната станува потемна и поцрвена. Откако ќе се исуши, каната се мие со вода. Украсените раце на невестата се мачкаат со масло за да станат потемни и да се одржи трајноста на бојата од каната.

Церемонијата Хена кај младоженецот не е толку сложена како кај невестата. Младоженецот се појавува во соба или на веранда, седнува на украсен стол, и неговите тетки и женски сродници се собираат околу него. Младоженецот носи секојдневна облека и симболично носи црвена дупата. Црвената боја на шалот симолизира желба за среќен брачен живот. Тој седнува на украсениот стол каде што му поставуваат бетелов лист на дланката. Неговите тетки, омажени сестри и братучетки ставаат кана на неговата дланка. Му даваат слатки како знак за среќен брачен живот. Покрај тоа, роднините му даваат пари на младоженецот. Церемонијата започнува навечер и завршува доцна во ноќта. Роднините и пријателите се послужуваат со вечера или со чај.

Најголемото претставување на богатството и статусот пред другите луѓе е начинот на изведувањето на обредот Барат во куќата на невестата. Така, возвишеноста на обредот Барат ја рефлектира нивната чест и социјална вмреженост на семејството на невестата и нејзините сродници.

Накратко обредите Бутна и Хена се дел од симболичкиот процес на трансформација како за девојката така и за момчето. Сепак, фокусот е повеќе ставен на девојката, и тоа е причината што многу обреди и песни се фокусирани на девојката и се изведувани во нејзиниот дом. Таа треба да помине низ поголеми промени, и нејзе ѝ треба повеќе подучување за разлика од момчето. Улогата и статусот на девојката и нејзиното физичко одделување од родителскиот дом менува многу нешта, па според тоа обредите во семејството на девојката се поважни и позначајни.

## 4. Свадбен ден – Барат[6]

Обредите Бутна и Хена водат до свадбениот ден. Тој ден, кој на локалниот јазик се нарекува Барат, вклучува многу настани и обреди што се случуваат во ист ден и кај момчето и кај девојката. Ова е најголемиот настан во сите свадбени обреди.

Вообичаено свадбената церемонија се случува во селото на невестата и сите трошоци за овој ден се покриени од родителите на невестата. Општествената позиција на семејството на невестата е ризична бидејќи почитта и честа (Izzat) на семејството на младоженецот зависат од тоа колку добро биле тие третирани на овој среќен ден. Иако гостопримството дадено и добиено од двете страни ја рефлектира нивната моментална општествена позиција, исто така оваа ситуација ја определува блискоста на нивните идни односи и, конечно, ја определува среќата на невестата (Gill 1998).

[6] Процесија на младоженецот кон домот на невестата.

Во домот на невестата нејзиниот вујко (mammon) игра важна улога преку иницирањето на церемонијата на свадбениот ден. Откако ќе ги земе парите од нејзиниот вујко (mamu), невестата се бања и се подготвува за невестинската облека. Овој обред се вика патра утарна (Patra Utarna). Сличен обред се среќава и кај старите Грци каде девојките се бањале пред свадбениот ден. Овој обред го симболизира прочистувањето на телото и подготовката за новиот живот. Доколку девојката нема вујко, тогаш кој било сродник по мајчина страна ѝ дава пари. Парите од вујкото служат како знак за среќа и просперитет[7] во нејзиниот нов живот. Парите симболизираат богатство.

По облекувањето на невестата, таа се поставува во центарот на собата седната на стол или на софа. Лицето ѝ е покриено со шалот дупата. Традиционално невестинската облека во заедницата Рајпут е во црвена боја (shalwar qameez). Сепак со различни комбинации на боја се додаваат повеќе бои за да изгледа облеката поубава. Прекрасни дизајни на златни и сребрени теми се прават на облеката (shalwar qameez) и на шалот дупата. Невестата добива голем мираз, кој понекогаш го надминува економскиот статус на нејзините родители. Свадбената облека и накитот ги обезбедуваат родителите на невестата, и таа не носи ништо што ѝ е дадено од семејството на младоженецот бидејќи е сѐ уште ќерка на нејзините родители. Ова го претставува нејзиниот последен ден во родителската куќа, нејзиниот однос како сопственост на нејзините родители.

Вообичаено миразот се состои од облека за невестата, младоженецот и за сватовите, од накит, мебел, садови, електрични апарати и од други секојдневни предмети што може да ги користи невестата во нејзиниот нов дом во текот на следната година. Обично невестата добива 50-60 фустани, кои треба да ги носи на многуте семејни настани. Дури и за време на церемонијата на напуштање на домот, кога таа си оди од родителскиот дом, шалот или бурка (Burqa) го обезбедуваат нејзините родители. Жените се собираат околу неа за да ја видат, а нејзините пријатели и роднини ѝ пеат многу песни. Овој настан обично е резервиран единствено за жените, а на мажите не им е дозволено да им се придружат.

### А) Подготовка на свадбениот ден – Барат

Младоженецот се бања и се облекува во нова облека (qameez и shalwar) во бела боја, и потоа започнуваат церемониите сехра банди (sehra[8] bandi)[9]. На оваа церемонија сопругот од сестрата на младоженецот (зетот од сестра) го става турбанот на неговата глава. На овој начин на зетот му се дава важност во свадбената церемонија што помага да се намали тензијата меѓу семејството и неговата сестра (ако воопшто постои таква тензија). Статусот на зетот се смета како супериорен така што нему му се дава важност, и тој ја прифаќа таа превласт меѓу останатите афинални сродници на младоженецот. Ако младоженецот нема зет од сестра, тогаш неговиот брат или татко му учествуваат во обредот сехра банди.

---

[7] Shagoon.

[8] Декориран турбан што се замотува околу главата на младоженецот за свадбениот ден.

[9] Церемонијата се нарекува сехра банди – sehra bandi.

Турбанот сехра обично се прави од свежи цвеќиња и други украси. Цвеќињата се наредени еднододруго правејќи долга низа. Турбанот се прави од бел јасмин (motia) и црвена роза. Долгата низа од цвеќиња виси од главата до колената на младоженецот. За да ја заштити сехрата, младоженецот носи и друг разубавен турбан. Покрај белата облека, младоженецот носи и црвена украсена дупата на рамената и цветни венци околу вратот. Обувките исто така понекогаш се традиционални. Инаку младоженецот може да носи црни чевли. Тој седи со своите пријатели пред да заминат за обредот Барат. Кога сè е подготвено за тргнување кај невестата, тој треба да изрази почит кон неговите родители и кон чичковците и вујковците.

Ова е најважниот настан за младоженецот во свадбената церемонија. Повеќето од песните што му се пеат на младоженецот се изведуваат токму во оваа прилика. Обредот сехра банди е емоционален настан за родителите, сестрите, браќата на младоженецот. Многу драматични и емотивни сцени се посведочени за време на овој обред, а може да стане особено драматично ако таткото или мајката на младоженецот се починати. Мајката на младоженецот обично плаче од среќа бидејќи е благословена да го посведочи овој најсреќен ден. Таа целиот свој живот сонува за овој момент кога нејзиниот син ќе се ожени и ќе носи сехра. Сестрите и браќата на младоженецот се чувствуваат горди на него. Сите стануваат емотивни во моментот кога се изведува обредот сехра банди. Песните што се пеат за овој обред се исто така многу емотивни. Сите се потресени од стиховите на песните.

По овој обред, таткото на младоженецот ги кани луѓето на ручек или вечера додека се подготвуваат за обредот Барат. Традиционално во заедницата Рајпут на жените не им е дозволено да одат со процесијата за обредот Барат. Ова е многу стара традиција во заедницата и сè уште се практикува. Една соговорничка ми даде интересно објаснување на темата. Таа вели:

> *„Свадбената процесија за заедницата Рајпут е како да одиш во војна. Тие одат да потчинат нечие најмило нешто, како што прават во војните. Во старите времиња, Рајпутите никогаш не ги носеле со себе жените кога оделе во војна, но не ги оставале ниту да живеат. Тие ги убивале своите жени додека се подготвувале за војна. За нив било многу срамно доколку нивните жени би биле на пример заробени или пак доколку се омажеле за некој туѓинец, неприпадник на заедницата Рајпут. Така исто и за обредот Барат не ги носат со себе жените. Само мажи го придружуваат младоженецот во процесијата за обредот Барат, а доколку куќата на невестата е подалеку, тогаш процесијата оди пешки. Ако куќата на невестата е многу оддалечена, тогаш одат со автомобили или автобуси. Во старите времиња младоженецот патувал на украсен коњ во процесијата за обредот Барат. Луѓето што сакаат традиционални свадби сè уште го користат украсениот коњ во оваа прилика“.*

**Б) Пристигнување на процесијата за обредот Барат (во куќата на невестата)**

Ова е најважниот ден од свадбената церемонија. Во семејството на невестата роднините со нетрпение и среќа го очекуваат пристигнувањето на денот Барат. Тие се окупирани со аранжирањето на храната и дочекувањето на гостите сè до испраќањето

на невестата. Се смета дека какво било недоразбирање или неорганизираност може да предизвика неволји во животот на нивната ќерка. Најчесто родителите на невестата прават сè што можат околу примањето за Барат, од служење храна, па сè до испраќањето на нивната ќерка. Пристигнувањето на баратската процесија предизвикува голема паника кај роднините на невестата. Секој е возбуден и подготвен да ги пречека луѓето од процесијата со почит. Мажите од куќата на невестата ја пречекуваат процесијата пред таа да стигне до куќата. Им даваат венци, се ракуваат и се прегрнуваат. Потоа целата процесија се носи на местото резервирано за нив. За обредот Барат се служат ладни пијалаци како шарбат/луси (sharbat/lussi)[10] во лето и чај во зима. По пијалакот се послужува ручекот. Баратите или луѓето што доаѓаат за Барат постојано се прашувани за храната. Ова по обичај се бара од роднините на невестата, да ги прашуваат баратите и по неколкупати за храната како гест на гостопримство.

Родителите на невестата повикуваат официјално авторизирана личност што треба да го регистрира бракот (nikah khawaan) и се грижат околу другите формалности за Никах (Nikah). Никах е вистински брачен договор меѓу невестата и младоженецот, и по потпишувањето на договорот, тие стануваат сопруг и сопруга. Се служат слатки, особено суви урми на роднините, а гостите си честитаат меѓу себе и кажуваат молитви за идниот живот на младенците. По Никах се служи храна за гостите.

По јадењето, младоженецот треба да седне до невестата. Младенците обично се гледаат по обредот Никах. Не им е дозволено на сите мажи да влезат во собата каде што седи невестата. Само двајца пријатели на младоженецот или негови блиски роднини можат да го придружуваат кога оди во собата на невестата. Мајката од невестата на младоженецот му подарува часовник и златен прстен. Доколку таа не е присутна, тогаш некоја од тетките на невестата го изведува овој обред. Во оваа прилика исто така се типични женските шеги и коментари на сметка на младоженецот. Двете страни се потсмеваат меѓу себе, но на духовит начин. Овој обред не трае долго. Понекогаш обредот на пиење млеко (doodh pilai) исто така се случува во домот на невестата. Обредот е ист, само делот со пиење млеко е поинаков кога обредот се случува во домот на невестата. Овде невестата треба прва да се напие од млекото. На овој начин роднините на невестата ѝ посакуваат таа да има моќ врз младоженецот во брачниот живот. Во оваа прилика многумина од роднините на невестата му даваат пари и подароци на младоженецот.

**В) Видаи (Vidai) (заминување на невестата од родителскиот дом)**

Откако се прифатени подароците, таткото на младоженецот го прашува таткото на невестата за времето кога ќе се случи напуштањето на баратската процесија и следниот настан – видаи (заминување на невестата од татковиот дом). Роднините на невестата се многу чувствителни во оваа прилика. Сите ја прегрнуваат и ѝ даваат благослови на невестата. Најемотивните сцени се случуваат кога таа ќе се сретне со татко ѝ и со браќата. Се пеат емотивни песни во оваа прилика, што придонесува и луѓето да станат поемотивни, така што невестата, нејзините родители и роднините многу плачат.

[10] Јогурт помешан со вода и млеко.

По некое време баратската процесија заедно со невестата заминува од куќата. Само еден од браќата на невестата ја придружува до новиот дом. Кога баратската процесија ќе се приближи до куќата на младоженецот, неговите пријатели почнуваат да играат на звукот од тапаните и на популарните песни. Понекогаш се случуваат и огномети. На овој начин луѓето дознаваат дека баратската процесија се вратила заедно со невестата.

Некои обреди се изведуваат кога невестата веќе ќе стигне во новиот дом. Женските сродници ја пречекуваат невестата на врата. Мајката на младоженецот, која останува дома заедно со некои од женските сродници, ја дочекува невестата. Пред да влезе невестата, на прагот се истура сусамово масло. Ова е знак за добра среќа и за среќни, богати моменти за новата брачна двојка, а особено за невестата што треба да стане нов член на семејството. Ова исто така симболизира дека таа ќе донесе богатство и добра среќа за сите во семејството. Кога невестата влегува внатре и кога го поминува прагот, жените ѝ честитаат на мајката на младоженецот за бракот на нејзиниот син и се молат за добрата среќа што со себе треба да ја донесе невестата. Во старите времиња, кога невестата пристигнувала во новата куќа, требало да седне на килимче на подот во собата. Овој обред и денеска се практикува кај некои семејства. Значењето на овој обред е укажување на невестата дека таа има понизок статус во споредба со нејзините афинални сродници и дека таа не смее да помислува или да се однесува како некој со повисок статус од другите во новото семејство. Таа треба да остане скромна, повлечена пред другите во семејството. Една од моите соговорнички ми кажа дека таа морала да седи на килимче на подот неколку часа иако било многу ладно на нејзиниот свадбен ден.

Другиот обред е пиење млеко или дот пилаи (doodh pilai). Една чаша се украсува со златна тантела и со други сјајни украси. Украсената чаша со млеко ја нудат на невестата и на младоженецот за да се напијат заедно. Прво треба да се напие младоженецот, па потоа невестата. Обичајот на пиење млеко се смета за важен, и младоженецот пие прво како знак дека невестата треба да остане под негова контрола и авторитет. Не е дозволено невестата прва да се напие од млекото. Сестрите на младоженецот бараат пари од него по пиењето млеко. Девојките почнуваат со барање голема сума пари. Сепак, по преговарањето околу сумата и по интервенцијата на постарите и на снаите, се согласуваат околу одредена сума пари. Потоа младоженецот им плаќа пари на снаите. Додека се изведува овој обред, секој присутен во собата се вклучува во нагодувањето така што станува многу гласно и бучно кога сите сугерираат одредена сума пари. Некои луѓе ги советуваат девојките да земат што е можно повеќе пари од младоженецот. Овој обред завршува со многу забава.

Собата е украсена со многубројни сјајни и разнобојни украси. Ѕидовите на собата се декорирани со многубојни платна, а таванот на собата е украсен со хартиени лустери. Креветот на младенците е украсен со цветни венци. Обично се користат цветови од роза за оваа намена. Се додаваат и некои други сјајни украси на цветните венци. Вратата од собата исто така е украсена со цел таа да се разликува од другите врати во куќата.

По неколкуте часа поминати седејќи пред луѓето што доаѓаат да ја видат новата брачна двојка, младенците може да се повлечат во собата што е украсена за нив. Невестата заедно со сестрите на младоженецот и другите женски сродници одат во украсената соба. Кога ќе дојде време за да влезе младоженецот во собата,

неговите сестри и братучетки го стопираат на вратата. Овој обред се нарекува барх руквае (Baarh Rukwae). Тие бараат одредена сума пари за да го пуштат да влезе. Му се закануваат дека, доколку не плати пари, нема да може да влезе во собата. Луѓето околу многу се шегуваат на негова сметка, и истовремено тече нагодувањето околу сумата пари. На крајот сестрите и братучетките на младоженецот го пуштаат да влезе кај невестата.

Кога ќе влезе младоженецот внатре, се изведува еден друг обред, кој се нарекува года битхаи (Goda Bithai). Најмалиот брат на младоженецот (devar) седи до невестата на местото од младоженецот. Ако братот е возрасен, тогаш седи на стол блиску до невестата, а ако е дете, тогаш седи во скутот на невестата. Тој не му дозволува на неговиот постар брат да седне до неговата сопруга. Бара пари од брат му за да го ослободи местото до невестата и останува тука додека младоженецот не му понуди пари. Откако младоженецот ќе ја плати заеднички договорената сума пари, неговиот најмал брат го ослободува столот до невестата.

## 5. По свадбениот ден

Невестата може да го посети родителскиот дом по две или три недели од свадбениот ден. Откако ќе помине две до три недели во новиот дом, таа може да го посети родителскиот дом за првпат по свадбата. Традиционално најмладиот брат на невестата (или нејзин братучед) доаѓа во куќата на младоженецот, бара нивна дозвола и потоа ја зема неговата сестра на еден до два дена во нејзиниот родителски дом. Доколку нејзиниот брат (или братучед) не дојде да ја земе, никој од афиналните сродници нема да ја однесе или пак да ѝ дозволи сама да замине кај родителите првиот пат по свадбата. Преку оваа практика таа треба да сфати дека сега е зависна од новото семејство, дека не е слободна птица како што била во татковиот дом.

Етикетирањето на невестата со честа на семејството го ограничува нејзиното движење и нејзината независност надвор од домот. Таа треба да биде придружувана од некој од роднините (маж или жена од семејството) кога излегува надвор од домот. Особено за првата посета на родителскиот дом таа мора да чека некој од нејзините сродници да дојде и да ја земе. Вообичаено тоа е обврска на нејзиниот брат, кој треба да ја однесе на посета во татковиот дом. Братот доаѓа на посета кај неговата сестра и носи подароци (облека или накит) за сватовите. Тој останува во куќата на сватовите еден или два дена. Потоа тој ја носи сестрата во родителската куќа на прва посета по свадбата. Откако таа ќе остане еден до два дена во татковата куќа, нејзиниот сопруг доаѓа на посета за првпат по свадбата и ја враќа назад во новиот дом. На оваа прва посета на неговите сватови, зетот добива многубројни подароци како, на пример, златен прстен, пари, мотор или автомобил. Невестата исто така собира многу подароци од нејзините родители наменети за сватовите како, на пример, облека за младоженецот, за неговиот татко, мајка, за сестрите и за нивните мажи, за браќата и за нивните жени, за нивните деца, како и за вујковците, стриковците и тетките на младоженецот. Ова повторно го покажува текот на подароците од страната на невестата кон семејството на младоженецот.

## 6. Заклучок

Текстот се занимава со етнографските детали за свадбените обреди во заедницата Рајпут, која живее во градот Вахндо (Wahndo) во Пакистан. Свадбената церемонија се состои од многу денови што ѝ помага на новата брачна двојка да ги разбере сопствените обврски во животот што им следи. Овие обреди ја подготвуваат брачната двојка за нивните обврски, за очекувањата едни од други или за очекувањата од страната на нивните семејства (како од страна на невестата така и од страна на младоженецот).

Обредите како Бутна и Хена ја подготвуваат невестата за нејзиниот нов традиционален статус како сопруга водејќи сметка за стереотипните родови улоги. Поминувајќи низ процесите на изолација и прочистување, невестата учи да ги почитува и да се потчинува на новите сродници. Обредите како дот пилаи (Doodh Pilai), барх руквае (Baarh Rukwae), года битхаи (Goda Bithai) ја изразуваат машката доминација и надреденост во рамките на домаќинството. Овие обреди ја овозможуваат машката економска независност и женската економска зависност. Преку континуитетот и пренесувањето на овие обреди, општествениот ред на женската подреденост и машката надреденост се пренесува од една на друга генерација. Овие обреди помагаат во одржувањето на машката супериорност како нешто што е нормално во секојдневниот живот на жените. Во обредите како дот пилаи младоженецот треба да се напие прв за да може да воспостави контрола над неговата жена. Миразот што претставува голем финансиски товар за родителите на невестата може да претставува една од причините поради која раѓањето на женско дете не се слави во семејството.

Другите обреди, како барх руквае (Baarh Rukwae), года битхаи (Goda Bithai), покажуваат дека жените се универзално општествено зависни од мажот. На истиот начин семејството на невестата е инфериорно во однос на семејството на младоженецот. Текот на подароците од семејството на невестата кон семејството на младоженецот е симболичен тек бидејќи статусот на семејството на невестата се смета за инфериорен во однос на статусот на семејството на младоженецот. Престојот на братот на невестата во домот на сватовите е со цел тој да сфати дека неговата сестра сега е во сопственост на неговите сватови и без нивна согласност таа нема да може да оди никаде, па ниту во домот на нејзините родители. Почнувајќи од дуа-е-каир, па сè додека невестата оди во домот на младоженецот, роднините постојано се нервозни и под притисок, бидејќи каква било грешка во изразувањето на почитта кон семејството на младоженецот може да го загрози животот на нивната ќерка. Од друга страна, невестата поминува низ обреди што го фаворизираат младоженецот (или мажот) и во таа смисла го одредуваат нејзиниот статус во новиот дом. Песните во кои сродниците на невестата им се потсмеваат на сродниците на младоженецот служат за да се намали тензијата што е постојано присутна во семејството на невестата во текот на свадбените обреди. Според тоа, ова истражување покажува дека и песните и обредите за време на свадбата ја засилуваат машката доминација и супериорност во заедницата Рајпут.

Свадбените церемонии имаат многу различни цели. Најпрво, тие по природа се симболички, бидејќи младенците се трансформираат од неомажена/неоженет во омажена/оженет, поминувајќи низ обреди преку кои се менува нивната улога. На

овој начин младенците стануваат свесни за нивните нови обврски и права и добиваат одобрување за нивните нови идентитети како сопруг и сопруга. Второ, обредите ги засилуваат и зацврстуваат идеологиите и улогите во рамките на заедницата од една генерација на друга. На овој начин обредите учествуваат во одржувањето на општествениот ред во заедницата што ги практикува и поддржува.

## Користена литература:

Coltrane S. 1998. *Gender and Families*, Thousand Oaks, Pine Forge Press, CA.

Durkheim E. 1893 [1997]. *The Division of Labor in Society.* (W. Halls, Trans.) New York: The Free Press.

Egler Z. 1960. *A Punjabi Village in Pakistan*, Columbia University Press, New York.

Gill G. 1998. *Female Feticide as a Contemporary Cultural Practice in the Punjab: Dialectical Anthropology*, (23), стр. 203–213.

Hochschild A. 1983. *The Managed Heart, Commercialization of Human Feeling*, Twentieth Anniversary Edition, University of California Press, Berkeley and Los Angeles, California.

Hutchings J. 2002. *Talking about Color ... Design and Colour Science—Where Next*? Pointer, Cambridge: Woodhead Publishing, стр. 352–366.

Mason J. 1975. *Sex and Symbol in the Treatment of Women: The Wedding Rite in a Libyan Oasis community*, American Ethnologist, 2 (4), стр. 649–661.

Oswald R. 2000. *A member of the wedding? Heterosexism and family ritual, Journal of Social and Personal Relationships*, 17, стр. 349–368.

Oswald R., Suter E. 2004. *Heterosexist Inclusion and Exclusion during Ritual: A "Straight Versus Gay*" Comparison. Journal of Family Issues, 25 (7), стр. 881–899.

Turner V. 1967. *The Forest of Symbols*, Itheaca, The Connell University Press, NY.

Turner V. 1969. *The Ritual Process: Structure and Anti-Structure*, Chicago, Aldine.

Turner V. 1974. *Liminal to liminoid in play, flow, and ritual: An essay in comparative symbology*, Rice University Studies 60 (3), стр. 53–92.

Turner V. 1995. *The Ritual Process: Structure and Anti-Structure, Foundations of Human Behavior*, Ithaca, Transaction Publishers, NY.

Upadhyaya S. 1957. *An Introduction to Bhojpuri Folksongs and Ballads*, Midwest Folklore 7 (2), Indiana University Press, стр. 85–94.

Van Gennep A. 1960. *The Rites of Passage*, The University of Chicago Press, Chicago.